Република Македонија
**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

Бр. 11-3279/5
Скопје, 31. 10. 2017 год.

Влада на Република Македонија

Министерство за правда
Ул. Димитрие Чуповски бр.9
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3116-123 л.223
Фах. (02) 3226-975
Сајт: www.pravda.gov.mk
E-Mail: cabinet@mjustice.gov.mk

ДО
МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ

ДО
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -
Ваш бр. 43-6061/2 од 22.09.2017г.
С К О П Ј Е

**ПРЕДМЕТ:** Известување

**ВРСКА:** Ваш Бр. I 0306-447/1 од 15.09.2017 година – Предлози за придонес во подготвувањето на Програмата за Владата на Република Македонија за 2018 година

Почитувани,

Министерството за правда во врска со вашиот предлог под наведениот број доставен преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Одделение за соработка со невладини организации, во рамки на своите законски надлежности ве известува за следното:

Во Министерството за правда во завршна фаза е постапката за подготвување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор заедно со Акциски план. За овој процес уште од самиот почеток беа известени и вклучени организациите од граѓанскиот сектор, меѓу кои и Македонското здружение на млади правници. Доставените бројни предлози од граѓанскиот сектор дадоа огромен придонес кон изготвувањето на овој значаен стратешки документ.

Во таа насока, најголем дел од вашите стратешки предлози за областите од надлежност на Министерството за правда беа прифатени и вградени во Стратегијата и разработени во Акцискиот план, а конкретните активности кои во вашиот документ се насловени како предлог мерки ќе бидат земени предвид при изготвувањето на поединечните закони дефинирани во Стратегијата.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Воедно, Министерството за правда при подготвување на Предлог Програмата за работа на Владата на Република Македонија ќе ги земе предвид доставените предлози и согласно роковите утврдени со Стратегијата и Акцискиот план ќе ги предложи на усвојување до Владата на Република Македонија.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

Bilen Saliji